ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Согласно Програмата за социјална заштита за 2026 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 19/25 од 31.12.2025") и Правилникот за искористување на средства од Програмата за социјална заштита во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата донесен на 26.02.2026 со бр. 09-22/4, Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за искористување на средства за адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост до и во нивниот дом

Согласно програма за социјална заштита на општина Битола во делот на адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост до и во нивниот дом, односно адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема при адаптација на пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост до и во нивниот дом, преку субвенционирање на трошоците, во целост или делумно, за овозможување непречено движење и функционирање на индивидуата.

Искористувањето на средствата е согласно Правилник за искористување на средства од програма за социјална заштита на Општина Битола за 2026 година во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата кој што заинтересираните лица можат да го најдат на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk.

Потребната документација и условите за пријавување може да се виде во самиот правилник или да се подигне од Општина Битола Бул. „1-ви Мај" бр.61 на шалтер број 1.

Лице за контакт: м-р Симона Јовеска, моб: 071385682, e-mail: simonajoveska132@gmail.com.

Периодот на пријавување е отворен во текот на цела година до целосно искористување на средствата.

бр. 08-278/3
03.03.2026
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БИТОЛА